## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До:**

Бр. 03-24

Скопје 16.03.2022 г.

**Предмет:** Одговор на претставка

Почитуван,

Во врска со Вашата претставка (наш арх.бр. 03-24 од 7.03.2022 година), Ве информираме дека сеуште тече законскиот период во кој ТВ АЛФА треба да го усогласи емитувањето на играниот серијал „Величествениот“. Потоа ќе следи контролен програмски надзор за да се утврди дали радиодифузерот постапил по второто решение за изрекување мерка јавна опомена донесено од Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Доколку серијалот и понатаму се емитува спротивно на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица, наредната мерка е поведување прекршочна постапка пред надлежен суд. Согласно член 23 од Законот, јавната опомена и поведувањето прекршочна постапка се единствените алатки за реакција на Агенцијата за овој вид прекршувања, а при нивното изрекување мора да се почитува пропишаната административна процедура.

Преку веб-страницата на Агенцијата, ќе може да го следите текот на постапката за ТВ Алфа, започната врз основа на Вашата претставка од минатата година.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**По овластување од директорот**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED